Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 31.01.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 05 | 336/1 | 0 | |


Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 16 јануари 2024 година/viti
Бр./Nr.: 41- 316 / 4

До
Министерство за образование и наука
Скопје

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академските студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Граѓанско право“ на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр. 41- / од 16 јануари 2024 година.

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвил: м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

Прилог 1

Доставено и до
-Агенција за квалитет во високото образование
-Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia

| Pranuar / Примено / Received | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. / Org.unit | Број / No. | Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
| 03 | 336/2 | 0 | |


Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, даде

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Граѓанско право“ на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Граѓанско право“ на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По добивање на Решение за акредитација на студиската програма „Граѓанско право“, од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, бр.08-1257/6 од 25.9.2023 година од Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово се обрати со барање бр.03-3479/2 од 29.9.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование со бр.08-1266/1 од 29.9.2023 година за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Граѓанско право“ на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, единица во состав.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование со Решение бр.08-1266/2 од 2.10.2023 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 3.10.2023 година изврши увид и изготви Извештај бр.08-1266/3 од 6.10.2023 година во кој констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Граѓанско право“ на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово согласно со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

[1] 03-336/2 [2024]

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-516/3**
**16 јануари 2024 година**
**Скопје**

**Прв заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

Подготвил: м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата